Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 02-03-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 1594 | 1 | |

ДО:

**Претседателот и членовите на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија**

**Препратено и до директорот и Стручната служба на Агенцијата**

**Предмет: Предлог за измени и дополнувања на Нацрт-Кодексот за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (како што стои во насловот), донесен на седмата седница на Советот на Агенцијата одржана на 27.02.2015 година**

Почитувани,

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата седма седница ја отвори постапката за носење на Кодексот за однесување на членовите на советот и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (како што стои во насловот), на седницата што се одржа на 27.02.2015 година. И, истовремено, ја отвори јавната расправа за него која, согласно прописите, треба да трае 30 дена. Водејќи со принципите и ставовите кои ги застапувам, уште на самата седница најавив дека ќе писмено ќе поднесам забелешки и предлози за корекција и подобрување на предложениот текст, се со цел на крајот да се добие квалитетен, по содржина, етички Кодекс на минималната бројка и структурата на вработени Истовремено, беше усогласено, таквите мои ставови и сугестии да ги доставам писмено. Го задржувам правото во финалната расправа за овој Правилник и усно да дадам дополнителни предлози.

**Амандман 1:**

Се менува насловот на предложениот Кодекс и тој во финалната верзија треба да гласи “Предлог-Кодекс за однесување на членовите на Советот, директорот, заменик-директорот и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“...

**Образложение:**

Соглесно ЗАВМУ, Агенцијата е тело кое е составено до два рамноправни органи – советот и директорот, како и од стручна служба која се задолжени да ги извршуваат сите законски надлежности што и се доделени на Агенцијата како на регулаторно тело. Во законот како субјект е внесен и заменик-директорот, кој го менува директорот во негово отсуство.

Дополнително, директорот и неговиот заменик (ќе) се избираат на јавен конкурс и, исто како и членовите на Советот, имаат мандат од седум години. Од сето горенаведено, сметам дека вака предложениот наслов – најпрецизно би ја одразувал суштината на работата и поставеноста во самата Агенција.

**Амандман 2:**

Во член 4, став 1, алинеја 4 се бришат зборовите "лојални и целосно..." и понатаму текстот на одредбата оди како што е запишаната...

**Образложение:**

Во остварувањето на професионални или друг вид обврски секој е – или посветен – или не е посветен. Сметам дека е непотребна градација на "целосно посветен" ...

Што се однесува до лојалноста – сметам дека таа не е потребно да се потенцира – од една страна затоа што се подразбира со начинот на реализацијата на обврските (важи за сите). И второ, како што во личниот пример наведов дека не секој смета дека некои од законските одредби се добри или воопшто потребно. Да, повторам – лично сметам дека Законот за медиуми воопшто не е потребен од многу аспекти, меѓу кои, дека дополнително и непотребно ја обременува работата на Агенцијата.

**Забелешка 3:**

Во членот 5, став 2, зборовите (цитирам) "нема да даваат никакви изјави и да преземаат дејствија што можат да ја доведат во прашање независноста на нивната функција".... не се доволни јасни и првично нудат едно екстезивно толкување кое, по пое мислење, може да биде злоупотребено, за пристрасно оценување....

Затоа овој дел предлагам (и инсистирам) да биде јасно и недвосмислено прецизиран за да не доведува до различно толкување. Или, да биде избришан, затоа што мислам дека е "покриен" со претходниот став од овој член. Дополнително, има контрадикција и со член 15 од предложениот Кодекс кој овозможува давање изјави како личен став (што се подразбира)....

**Амандман 4:**

Член 6, став 4 се менува и гласи... "Во ситуација кога постои таков притисок, тие се должни за тоа да го известат директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата, претседателот и членовите на Советот на Агенцијата. Во случај на притисок од нив, вработените имаат право да се повикаат на законска заштита од вознемирување на работно место (мобинг)....

**Образложение:**

Вработените ги уживаат сите права за слободно и непречено извршување на работните обврски. Сметам дека правото да одбијат притисок сосема природно му припаѓа на секој од вработените – особено доколку тоа значи прекршување на законските одредби. И за тоа, добро е постои опција за тоа да ги известат, така да речам, највисоко рангираните по различни основи во Агенцијата. Но, да имаат право да се заштитат и од притисок од нив. Токму затоа го дополнив ставот со правото да се повикаат на заштита според Законот за заштита од вознемирување на работно место – кое има утврдена процедура како се постапува во такви случаи (... писмено предупредување , пријавување на повисоки инстанци, тужба итн...)

п.с. Како што има напишано во предлогот треба да се користи формулацијата (цитирам)... "претседателот и членовите на Советот".... како овде, така и на сите други места во предложениот текст. Според законот, членовите на Советот се еднакви, а претседателот е избран како еден од нив и затоа, не може да биде одвоен како посебна категорија, како што стои во Нацрт-верзијата....

**Амандман 5:**

Во членот 6, по ставот 4, се додава нов став кој гласи... "Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот директор на Агенцијата и вработените во стручната служба во Агенцијата во меѓусебните релации се однесуваат со уважување и почитување на личноста..."...

**Образложение:**

Дополнувањето на овој член со ваков став, го сметам за исклучително значајно за од старт сите во Агенцијата да бидат ослободени од секаков потег што може да се подразбере како потенцијален притисок. Ова особено се однесува за вработените во стручната служба, кои имаат еден вид етичка обврска да ја респектираат позицијата на директорот, заменик-директорот и претседателот и членовите на Советот, но тоа не значи дека таквата позиција неоправдано да им претставува еден вид стрес во секојдневието – кој најчесто ги смалува работните ефекти...

**Амандман 6:**

Во член 7, став 1, се бришат зборовите ... "или група"... и ставот завршува со зборовите "политичка партија"

Став 3 од овој член целосно се брише.

**Образложение:**

Како што наведов и во дискусијата по Нацрт-верзијата – не е јасно што значи зборот група – и затоа најдобро е тој да се избрише. Ефектот на одредбата се постигнува и само со споменувањето на политичка партија...

Што се однесува со ставот 3 – сметам дека тој е целосно непотребен затоа што е противуставен. Секој има право на мислење и слободно изразување на мислењето (гарантирано е со член 16 од Уставот)... И ,тоа за сите прашања во општеството, вклучително и за оние што се третираат и како политички. Сите ние, како што вели Аристотел сме "zoon politikon" и имаме право на сопствени ставови. Тоа важи и за вработените, се разбира, по работното време. И, тоа никако не значи – дека тие се вклучени во застапување на позициите на определена политичка партија. Членството и функциите во партија се разбира дека не се одобрени и тие се "покриени" со првите два става од овој член.

**Амандман 7:**

Во член 11, ставот 2 по зборовите "за ограничена употреба"... се менува и гласи ... "согласно законските прописи и Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги"...

**Образложение:**

Потребно е да се нагласат законските прописи за класифицирани информации, а нема потреба да се прецизира кој член и кој став од Деловникот и кој е неговиот број под кој е донесен и на кој датум е донесен...

**Забелешка 8:**

Член 16 – според мене е добро склопен и не треба да се менува, иако стојам на тоа дека не треба да се потценува нивната неупатеност за извесни стручни термини од доменот на работата на Агенцијата. Мислам дека зборовите "со достојна почит" се доволни за да се

подразбере ова. И ова повеќе треба да се разбере како апел од моја страна да се заме предвид и ова...

**Член на Советот на Агенцијата за**

**аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Зоран Фиданоски**